Архивски број: 08 - 282/3
Датум: 07.04.2025

По претставката бр. 08 – 282/1 од 6.3.2025 година, поднесена од [redacted] против Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, за заштита од дискриминација врз основа на род и личен статус (жртва на семејно насилство), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
**За офрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 282/1 од 6.3.2025 година, поднесена од [redacted] против Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци, за заштита од дискриминација врз основа на род и личен статус (жртва на семејно насилство) **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 6.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на род и личен статус (жртва на семејно насилство), од страна на [redacted] против Меѓуопштински центар за социјална работа Кавадарци.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот), податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Поради тоа што претставката **беше нејасна и од нејзината содржина не можеше да се увиди кои се дејствијата на дискриминација**, Комисијата согласно член 24, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 14.3.2025 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителката. Со истото ја задолжи подносителката **да ја доуреди претставката, со тоа што ќе ги појасни и конкретизира дејствијата со кои смета дека кон неа е извршена дискриминација.**

Барањето за доуредување на претставката со арх. бр. 08 – 282/2, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го достави на двете наведени адреси во

претставката. Сепак, до Комисијата беа доставени поштенски повратници со назнака „известен, не побарал“.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не е во можност да ја утврди фактичката состојба, доколку подносителката не ја прецизира поднесената претставка.

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 282/1 од 6.3.2025 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
-